Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 34 од Статутот на Општина Охрид (Сл. гласник на Општина Охрид бр. 8/07 и 1/08), Комисијата формирана од Градоначалникот објавува

# ЈАВЕН ПОВИК
## за финансирање на проекти од локален интерес

**(област„ Културата расте со децата“ наменета за децата од 3 до 12 години)**

### Предмет на јавниот повик

Предмет на овој јавен повик е финансиска поддршка за реализација на проекти од областа на културата, и креативното творештво, наменети за деца до 12 години кои ќе се реализираат на територијата на Општина Охрид.

### Општи одредби

### II. Цел на јавниот повик

Целта на овој Јавен повик е да се поттикне и унапреди развојот на културата за деца од 3 до 12 години во Општина Охрид преку поддршка на проекти и активности кои се прилагодени на возраста, развојните потреби и интересите на децата, и кои придонесуваат кон нивниот севкупен личен, културен и социјален развој.

Преку овој повик, Општина Охрид има за цел:

- да обезбеди квалитетни, безбедни и достапни културно-образовни содржини за деца во предучилишна и училишна возраст;

- да поттикне креативно размислување, активно учество и изразување кај децата преку уметност, литература, театар, музика, визуелни уметности и мултимедијални форми;

- да поддржи современи, иновативни и интердисциплинарни пристапи во културата за деца, со вклучување на интерактивни и едукативни методи;

-да ја зајакне читачката култура и љубовта кон книгата уште од најрана возраст;

- да придонесе кон зачувување и пренесување на локалниот културен идентитет, традициите и нематеријалното културно наследство на начин разбирлив и привлечен за децата;

- да промовира еднаков пристап, инклузивност и социјална кохезија, со посебен фокус на вклучување на деца од ранливи групи и деца со различни образовни и социјални потреби;

- да поттикне соработка помеѓу институции, граѓански организации, поединци и локалната заедница во креирање содржини од јавен интерес за децата.

- развивање културни навики за посета на настани, активно учество и континуирана вклученост на децата во културниот живот на Општина Охрид.

**III. Право на учество**

**Право на учество на Јавниот повик имаат:**

**• здруженија на граѓани и фондации;**

**• културни, образовни и уметнички организации;**

**• институции од областа на културата и образованието;**

**• физички лица – автори, уметници, педагози, едукатори и други културни работници,**

**кои предлагаат и реализираат програми и проекти наменети за деца од 3 до 12 години.**

Апликантите треба да имаат релевантно искуство, стручни капацитети и програмска ориентација во областа на културата, уметноста и образованието за деца, што се докажува преку апликациската документација.

Апликантите кои немаат регистрирано седиште на територијата на Општина Охрид можат да учествуваат на Јавниот повик доколку обезбедат соработка со правно или физичко лице од територијата на Општина Охрид. Соработката се докажува со потпишан Меморандум за соработка, кој е задолжителен дел од апликациската документација и јасно ја дефинира улогата, обврските и придонесот на партнерот во подготовката и реализацијата на проектот.(прилог на јавниот повик: Меморандум за соработка).

Општина Охрид го задржува правото да не разгледува апликации кои не ги исполнуваат условите утврдени со овој Јавен повик или кои не доставиле комплетна и уредна документација.

**Право на учество немаат апликанти( физички лица, здруженија на граѓани и нивните основачи) на кои им биле одобрени средства на Јавниот повик за финансирање програми и проекти од јавен интерес на Општина Охрид бр. 09-14957/3 од 05.11.2025 година.**

**Секој апликант има право да поднесе само една апликација на овој Јавен повик.**

Доколку апликантот поднесе две или повеќе апликации, за понатамошна постапка ќе се разгледува само една апликација, при што предност ќе има апликацијата со највисоко ниво на иновативност, квалитет на содржината и усогласеност со целите на Јавниот повик, а останатите апликации нема да бидат предмет на разгледување.

**.IV. Приоритетни области, прифатливи и неприфатливи активности**

Финансирањето се однесува на програми и проекти од јавен интерес наменети за деца (препорачана возраст од 3 до 12 години), кои се реализираат во една или повеќе од следните приоритетни области:

• детска култура и уметност, вклучувајќи музика, театар, танц, ликовна и визуелна уметност, куклен театар и други сценски и уметнички форми прилагодени за деца;

• креативни, едукативни и интерактивни работилници, насочени кон развој на креативност, моторни вештини, уметнички и јазичен израз;

• книжевност за деца и поттикнување на читачка култура, вклучувајќи промоции на книги, читања, раскажувачки активности, средби со автори и илустратори;

• фолклор, традиција и нематеријално културно наследство, преку едукативни и креативни содржини кои го негуваат локалниот идентитет и културните вредности;

• интердисциплинарни и иновативни културно-образовни програми, кои поврзуваат уметност, култура, образование и современи креативни практики;

• детски манифестации, настани и фестивали, со културно-уметничка, едукативна и промотивна содржина, наменети за пошироката детска публика.

**За потребите на овој Јавен повик, не се сметаат за прифатливи активности:**

- со исклучиво комерцијален, маркетиншки или промотивен карактер, без јасно изразена културна, едукативна или уметничка содржина;
- кои не содржат едукативна, воспитна или културна компонента;
- кои не се наменети или прилагодени за деца од препорачаната возрасна група (3–12 години);
- со политичка, партиска или религиска пропагандна содржина;
- кои промовираат говор на омраза, дискриминација, насилство или содржини несоодветни за деца;
- настани без јасна програмска структура, развојна компонента или образложен концепт;
- проекти кои не се реализираат на територијата на Општина Охрид;
- кои претставуваат редовна програмска дејност на институции финансирана од други извори, без јасно образложена додадена вредност;
- проекти кои се веќе финансирани или се планирани за финансирање од други јавни извори за истата намена;
- активности кои не се во согласност со целите, приоритетите и јавниот интерес утврдени со овој Јавен повик.

## V. Финансиска рамка и начини на финансирање

Средствата за реализација на проектите се обезбедени од Буџетот на Општина Охрид, во рамките на Програмата за култура на Општина Охрид – Потпрограма „Културата расте со децата“.

Финансирањето се доделува како еднократна финансиска поддршка, врз основа на Решение донесено од градоначалникот на Општина Охрид и договор склучен помеѓу Општина Охрид и добитникот на проектот.

Општина Охрид го задржува правото да одобри целосно или делумно финансирање, во согласност со расположливите буџетски средства и утврдените приоритети.

Доделените средства се користат исклучиво за намените и активностите одобрени со договорот, согласно одобрениот буџет на проектот.

Средствата не смеат да се користат за цели кои не се поврзани со реализацијата на проектот, ниту за покривање на трошоци направени пред датумот на склучување на договорот, освен ако поинаку не е утврдено со договор.

Добитникот на средствата е должен да ја реализира програмата/проектот во роковите утврдени со договорот и да достави наративен и финансиски извештај за реализацијата, во форма и рок утврдени од Општина Охрид.

Во случај на ненаменско користење на средствата, нереализирање или делумно реализирање на проектот, Општина Охрид го задржува правото да бара враќање на средствата, целосно или делумно, согласно одредбите од договорот.

Општина Охрид го задржува правото да врши контрола и увид во реализацијата на проектите и наменското користење на средствата.

**VI. Критериуми и бодување**

Изборот на програмите и проектите ќе се врши врз основа на јасно утврдени критериуми и систем на бодирање, во согласност со принципите на јавен интерес, квалитет, иновативност, инклузивност и одговорно културно дејствување, како и со целите и приоритетите на Програмата на Општина Охрид од областа на културата.

При оценувањето на апликациите ќе се вреднуваат следните аспекти:

- квалитет и јасност на програмата/проектот, со јасно дефинирани цели, активности и очекувани резултати;
- иновативност и креативен пристап, со посебен акцент на содржини прилагодени за деца од 3 до 12 години;
- општествен, образовен и културен придонес, преку влијание врз развојот на културни навики, креативност и учество на децата;
- континуитет и одржливост на активностите, како и можност за нивна надградба или повторна реализација;
- капацитет, стручност и партнерска соработка, вклучувајќи искуство, организациска стабилност и релевантна поддршка во реализацијата.
- Проектите ќе се рангираат според вкупниот број освоени бодови, а изборот и доделувањето на средства ќе се вршат согласно утврдената ранг-листа и расположливите буџетски средства.

Апликациите ги разгледува и оценува стручна комисија формирана од Градоначалникот на Општина Охрид согласно следните критериуми (вкупно 100 бода):

| **Критериум** | **Опис** | **Макс. бодови** |
|---|---|---|
| 1. Усогласеност со целите на повикот | Степен на усогласеност со целите, приоритетите и целната група (деца). | 20 |
| 2. Квалитет и јасност на проектната идеја иновативност и одржливост | Јасно дефинирани цели, активности, методологија и резултати.<br>Нови пристапи и можност за продолжување/репликација на ефектите | 20 |
| 3. Влијание и значење за децата | Очекуван ефект, опфат, пристапност, инклузија и безбедност на активности. | 20 |
| 4. Реалност и оправданост на буџетот | Оправданост на трошоци, сооднос цена-ефект, реални ставки. | 15 |
| 5. Капацитет и искуство на апликантот | Референци, тим, организациски капацитет и партнерства. | 15 |
| 6. Квалитет и комплетност на апликациската пријава | Навремена, целосно и уредно поднесена апликација со задолжителна документација | 10 |

Минимален праг за препорака за финансирање: 60 бода (по потреба се утврдува со одлука/заклучок на Комисијата).

**VII. Потребна документација и начин на пријавување и рок на пријавување**

**Потребна документација**

Апликацијата за учество на Јавниот повик се доставува комплетирана со следните прилози:

- Стандардизирана пријава за учество (**Прилог 1**), уредно и целосно пополнета и потпишана;
- Проектен опис (наратив) со јасно дефинирани цели, активности, методологија, очекувани резултати и временска рамка за реализација;
- Финансиски план (буџет) по ставки, усогласен со планираните активности;
- Кратки биографии и/или референци на реализаторите, проектниот тим и соработниците (доколку има), со можност за доставување портфолио или релевантни линкови;
- Меморандум за соработка **(Прилог 2)** – задолжителен за апликанти кои немаат регистрирано седиште на територијата на Општина Охрид и/или кога проектот се реализира во партнерство;
- Тековна состојба или решение за регистрација (копија) – за правни лица;

*Непотполните апликации и апликациите доставени без задолжителната документација нема да бидат разгледувани.*

**Начин на пријавување**

Апликациите се доставуваат исклучиво во затворен плик, со назнака: **„За ЈАВЕН ПОВИК за финансирање проекти од локален интерес, област „Културата расте со**

**децата"наменета за децата од 3 до 12 години " на адреса: ул Димитар Влахов Општина Охрид.**

Апликациите може да се доставаат лично преку Архивата на Општина Охрид или по пошта (препорачано).

**Рок на пријавување**

Рокот за доставување на апликациите е 15 (петнаесет) работни дена, сметано од денот на објавувањето на Јавниот повик.

***Апликации доставени по истекот на рокот нема да бидат разгледувани.***

Непотполни и ненавремено доставени апликации нема да бидат разгледувани.

**VIII Избор, известување и договор**

**Транспарентност, известување , право на приговор и склучување договор**

Општина Охрид ќе ја објави листата на избрани и одбиени предлог-идеи на официјалната веб-страница www.ohrid.gov.mk.

Општина Охрид го задржува правото да побара дополнителни информации, појаснувања или документација од апликантите, доколку тоа е потребно за целосно и правилно оценување на апликациите.

Апликантите имаат право да поднесат приговор на постапката за избор во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на резултатите на официјалната веб-страница на Општина Охрид.

Приговорот се поднесува во писмена форма, преку Архивата на Општина Охрид или по пошта, со јасно образложение и наведување на причините за приговор.

По поднесениот приговор одлучува второстепена комисија формирана од градоначалникот на Општина Охрид во рок од 5 (пет) дена од денот на приемот на приговорот.

Одлуката по приговорот е конечна.

По истекот на рокот за приговор и по донесување на конечната одлука, Општина Охрид ќе пристапи кон склучување договори со избраните корисници на средства.

**IX. Постапка по склучување на договор и исплата на средства**

По донесување на конечната одлука и склучување на договор помеѓу Општина Охрид и добитникот на финансиски средства, корисникот на средствата е должен да поднесе стандардизирано барање за исплата на финансиски средства, согласно условите утврдени со договорот.

Исплатата на одобрените средства се врши по доставување на Барањето и Решение од градоначалник за исплата на финансиските средства утврдени во Договорот.

Корисникот на средствата е должен да ги користи средствата наменски, да води уредна финансиска евиденција и да достави наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот, во рок и форма утврдени со договорот. Наменското трошење на средствата се докажува со достава на: фотокопија од извод од банка, фискални сметки како доказ за извршено плаќање)

Во случај на ненаменско користење на средствата или непочитување на договорните обврски, Општина Охрид го задржува правото да побара враќање на средствата, целосно или делумно, согласно договорот и важечките прописи.

**X. Обврски на избраните апликанти**

Корисниците на средствата се обврзуваат да доставaт, во рок и на начин утврден со договорот:

- наративен и финансиски извештај за реализираните активности, со опис на спроведените активности и постигнатите резултати;

- материјали за промоција и видливост (фотографии, видеа и други промотивни материјали), доколку истите се создадени во рамки на реализацијата на проектот.

- Ненавремено доставување, нецелосни извештаи или ненаменско користење на средствата претставуваат основ за задржување на исплатата или барање за враќање на средствата, согласно договорот и важечките прописи.

Доколку од било кои оправдани причини проектната активност не може да се реализира во тековната 2026 година, корисникот на средствата е должен писмено да ја извести Општина Охрид за причините за одложувањето и да предложи нов рок за реализација.

Предложениот рок за реализација не може да биде подоцна од 31.03.2027 година и подлежи на одобрување од Општина Охрид, по што, доколку е потребно, се склучува анекс на договорот.

Во случај корисникот да не достави навремено известување или да не ја реализира активноста во одобрениот рок, Општина Охрид го задржува правото да постапи согласно одредбите од договорот, вклучително и да побара враќање на средствата.

**XI. Завршни одредби**

***Општи напомени***

Апликациите се пополнуваат исклучиво на македонски јазик и се доставуваат пополнети електронски, со цел јасност, разбирливост и полесен преглед на предложената проектна идеја.

Општина Охрид нема обврска да додели средства во износот наведен во апликацијата, туку може да одобри целосно или делумно финансирање, согласно расположливите буџетски средства и резултатите од оценувањето. Сите апликации кои не ги исполнуваат условите утврдени со овој Јавен повик или се доставени некомплетно и неуредно нема да бидат разгледувани.

**Комисија формирана за спроведување на повик**